# ISSAI 140

## Контрола на квалитет за ВРИ

INTOSAI Standards are issued by the International Organisation of Supreme Audit Institutions, INTOSAI, as part of the INTOSAI Framework of Professional Pronouncements. For more information visit www.issai.org

INTOSAI

INTOSAI

INTOSAI, 2019
1) Formerly known as ISSAI 40
2) Endorsed in 2010
3) With the establishment of the Intosai Framework of Professional Pronouncements (IFPP), relabeled as ISSAI 140 with editorial changes in 2019

ISSAI 140 is available in all INTOSAI official languages: Arabic, English, French, German and Spanish

СОДРЖИНА

ВОВЕД 5

ОПФАТ НА ISSAI 140 6

ПРЕГЛЕД НА ISQC-1 8

ШТО Е СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ? 9

РАМКА ЗА СИСТЕМОТ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ЗА ВРИ

ЕЛЕМЕНТ 1: ОДГОВОРНОСТИ НА РАКОВОДСТВОТО ЗА КВАЛИТЕТ ВНАТРЕ ВО ВРИ 11

ЕЛЕМЕНТ 2: РЕЛЕВАНТНИ ЕТИЧКИ БАРАЊА 13

ЕЛЕМЕНТ 3: ПРИФАЌАЊЕ И КОНТИНУИТЕТ 15

ЕЛЕМЕНТ 4: ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 18

ЕЛЕМЕНТ 5: ВРШЕЊЕ НА РЕВИЗИИТЕ И ДРУГА РАБОТА 20

ЕЛЕМЕНТ 6: МОНИТОРИНГ 23

ТОЛКУВАЊЕ НА ТЕРМИНИ 26

ISSAI 140 е заснован на клучните принципи дадени во „Меѓународни стандарди за контрола на квалитет – ISQC – 1“ на Меѓународната федерација на сметководители – IFAC и кој е усвоен како неопходен за примена во ВРИ. Овој стандард воспоставува сеопфатна рамка за контрола на квалитет и ги дава оние контури на мерките на контрола на квалитет кои се релевантни за постигнување на висок

квалитет во опкружувањето во јавниот сектор. Рамката е дизајнирана за да се примени во системот на контрола на квалитет за целокупните активности вршени од страна на ВРИ.

Рамката за системот на контрола на квалитет кај ВРИ, се состои од следното:

1. Одговорности на раководството за квалитет внатре во ВРИ;
2. Релевантни етички барања;
3. Прифаќање и продолжување на односите со клиентите и специфични ангажмани;
4. Човечки ресурси;
5. Вршење на ангажман и
6. Мониторинг;

# 1 ВОВЕД

Намената на *ISSAI 140 – Контрола на квалитет за ВРИ* е да помогне на ВРИ да воспостави и да одржи правилен систем на контрола на квалитет кој ја покрива целокупната работа на ВРИ. Овој документ треба да им помогне на ВРИ да дизајнираат систем на контрола на квалитет кој е соодветен на нивниот мандат и нивните околности и кој ќе одговори на нивните ризици кај квалитетот. Главниот предизвик со кој се соочуваат сите ВРИ претставува постојаното испорачување на ревизии со висок квалитет како и други задачи. Квалитет на работата извршена од ВРИ влијае врз нивните репутација и кредибилитет и крајно врз нивната способност да го исполнат нивниот мандат.

За да биде ефикасен системот на контрола на квалитет, неопходно е тој да биде дел од стратегијата на секоја ВРИ, нејзините култура, политики и постапки како што е наведено во ова упатство. На овој начин квалитетот е вграден во извршувањето на задачите кај секоја ВРИ и произведувањето на извештаите на ВРИ повеќе отколку истиот да биде дополнителен процес откако извештајот е произведен.
Овој документ е интегрален дел на International Standards of Supreme Audit Institutions (ISSAIs). Принципите и упатството за примена во овој ISSAI намената е да се употребуваат поврзано со другите ISSAIs.

Секоја ВРИ е најдобро екипирана за да одлучи како да ги примени ISSAI 140, согласно својот даден мандат и структура, ризиците и природата на работата која ја извршува.

2

# ОПФАТ НА ISSAI 140

ISSAI 140 се заснова врз клучните принципи од International Standard on Quality Control, ISQC 1', прилагодени како неопходни за примена во ВРИ. Иако ISQC-1 [1] вклучува некои прашања кои се специфични за организациите за ревизија на јавниот сектор и кои се соодветни на ВРИ, клучните принципи бараат одредено толкување кое ќе им овозможи да бидат применети од ВРИ. ISSAI 140 го одразува мандатот на ВРИ кој често е поширок од мандатот на професионалната фирма за ревизија и уверување. ISSAI 140 обезбедува упатство за принципите и нивна примена кои ќе му помогнат на ВРИ при примена на клучните принципи од ISQC-1 до целосниот распон на нивната работа како што е соодветно на нивниот мандат и околности. Овој документ ги резимира мерките за контрола на квалитет кои се релевантни за постигнување на висок квалитет во опкружувањето на јавниот сектор.

Иако општата намена и клучните принципи на ISSAI 140 се конзистентни со ISQC-1, барањата на овој ISSAI се прилагодени за да осигураат дека се релевантни за ВРИ. Затоа барањата не се идентични со барањата кај ISQC-1.

Преку препознавање и барање на клучните принципи во ISQC-1, ISSAI 140 воспоставува севкупна рамка за контрола на квалитетот во ВРИ. Оваа рамка е дизајнирана да се применува во системот на контрола на квалитетот за целата работа извршена од ВРИ, (т.е. финансиски ревизии, ревизии на усогласеност, ревизии на успешност и која било друга работа извршена од ВРИ).

[1] ISQC 1, Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизија и прегледи на ФИ и други уверувања и ангажмани за поврзани услуги, (Quality Control for Firms that Perform Audits and Reviews of Financial Statements, and other Assurance and Related Services Engagements, International Federation of Accountants) (IFAC).

ISSAI 140 се фокусира на организациските аспекти на квалитетот на ревизијата кои оперираат низ ВРИ. ISSAI 140 исто така обезбедува рамка што ги надополнува другите објави на INTOSAI, вклучително и оние за контрола на квалитетот на индивидуално ниво на ангажман (на пр. индивидуална финансиска ревизија, ревизија на усогласеност, ревизија на успешност или која било друга работа извршена од ВРИ).

Стандардите и упатствата за контрола на квалитет на ниво на поединечен ангажман можат да се најдат во:

- Ревизија на ФИ; види ISSAI 2220 и ISSAI 2620 – ги обезбедуваат барањата во однос на контрола на квалитет кај ревизија на ФИ.
- Ревизија на успешност; види ISSAI 3000/79 – ги воспоставува барањата и GUID 3910/100-108 обезбедува понатамошни упатства во однос на контрола на квалитет за РУ.
- Ревизија на усогласеност; види ISSAI 4000/80-88 – ги воспоставува барањата во однос на контрола на квалитет за ревизија на усогласеност.

Доколку ВРИ сака да тврди дека е во согласност со ISQC-1 (како и со ISAs), ќе треба да ги земе предвид барањата на ISQC-1. Барањата за примена на ISAs се опишани во Стандардите за финансиска ревизија.

ISQC-1 е достапен од IFAC.

Некои изрази кои се употребени кај ISQC-1 за ВРИ е потребно да се толкуваат. Овие толкувања се поставени во Дел 7 од овој документ.

3

# ПРЕГЛЕД НА ISQC-1

ISQC-1 се занимава со одговорностите на фирмата во однос на нејзиниот систем за контрола на квалитет за ревизии и прегледувања на финансиските извештаи како и за други ангажмани за уверувања и ангажмани за поврзани услуги.

ISQC-1 утврдува дека „целта на фирмата е да основа и одржува систем на контрола на квалитет за да обезбеди разумно уверување според кое:

a) Фирмата и нејзиниот персонал се усогласени со професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања и
b) Извештаите издадени од фирмата или ангажираните партнери, се соодветни во дадените околности[2]

Рамката дадена во ISSAI 140 има намера да ја исполни истата цел во однос на секоја ВРИ со нејзините мандат и околности.

[2] ISQC 1 – точка 11;

## ШТО Е СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ?

ISSAI 140 ги користи елементите од рамката за контрола на квалитет кои се наведени во ISQC-1. ISSAI 140 исто така ги разгледува прашањата од посебно значење во опкружувањето на државната ревизија, а кои влијаат врз системот на контрола на квалитет во ВРИ. ISQC-1 ги наведува елементите на системот на контрола на квалитет како што се:

1. Одговорности на раководството за квалитет внатре во ВРИ;
2. Релевантни етички барања;
3. Прифаќање и продолжување на односите со клиентите и специфични ангажмани;
4. Човечки ресурси;
5. Вршење на ангажман и
6. Мониторинг;

Како дополнување на дадените елементи, ISQC-1 ја бележи потребата од документирање на политиките и постапките за контрола на квалитет на фирмата и запознавање на персоналот на фирмата со нив.

Елементите на системот на контрола на квалитет кои се содржани во ISQC-1, применливи се кај опсег на работа која се врши од ВРИ (а кој може да биде поширок од терминот „ангажман“ во ISQC-1). Оттука, клучните принципи од ISQC-1, треба да се разгледуваат од страна на ВРИ, секогаш кога ВРИ ги дизајнираат своите системи на контрола на квалитет.

Како највисока цел, секоја ВРИ треба да ги земе предвид ризиците по квалитетот на нејзината работа и да основа систем на контрола на квалитет кој е дизајниран да одговори соодветно на овие ризици. Ризикот по квалитетот ќе зависи од мандатот и функциите на секоја една ВРИ како и од условите и опкружувањето под кои ВРИ функционира. Овие ризици можат да се појават

5

во многу различни аспекти од работата на ВРИ. На пример, ризици по квалитетот можат да се појават при примена на професионалното расудување, при дизајнирање и примена на политики и постапки, или кај методи кои ВРИ ги користи за да ги соопшти резултатите од својата работа. Одржувањето на систем на контрола на квалитет бара постојан мониторинг и посветеност кон постојано подобрување.

## СТРУКТУРА НА ISSAI 140

Делот 6 во ISSAI 140, претставен е на истиот начин за секој елемент поединечно кој е препознаен во ISQC – 1 како што следи:

- Клучен принцип во ISQC – 1;
- Клучен принцип прилагоден за ВРИ;
- Упатство за примена за ВРИ;

# РАМКА ЗА СИСТЕМОТ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ЗА ВРИ

## ЕЛЕМЕНТ 1: ОДГОВОРНОСТИ НА РАКОВОДСТВОТО ЗА КВАЛИТЕТ ВНАТРЕ ВО ВРИ

**ISQC-1 – Клучен принцип:**

*„Фирмата ќе воспостави политики и постапки, дизајнирани да промовираат внатрешна култура која признава дека квалитетот е суштински за извршување на ангажманите. Ваквите политики и псотапки бараат од извршниот директор - CEO – Chief Executive Officer (или еквивалентно на CEO) или соодветно на управниот одбор на партнери во фирмата (или соодветно на тоа) да ја претпостави крајната одговорност за системот на контрола на квалитет на фирмата“*[3]

| **Клучен принцип прилагоден за ВРИ** |
|---|
| ВРИ треба да воспостави политики и постапки, дизајнирани да промовираат внатрешна култура, која признава дека квалитетот е суштински за извршување на целокупната нејзина работа. Ваквите политики и постапки треба да бидат поставени од Главниот државен ревизор кој ја задржува целосната одговорност за системот на контрола на квалитет. |

[3] ISQC – 1 – точка 18

## УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА ЗА ВРИ

- Главен државен ревизор (понатаму ГДР) кој може да биде едно лице или повеќе лица, во зависност од мандатот и околностите на ВРИ;
- ГДР треба да ја задржи целокупната одговорност за квалитетот за целата работа извршена од ВРИ[4];
- ГДР може да делегира овластувања за управување на системот на контрола на квалитет во ВРИ на поединец или на повеќе лица, со доволно и соодветно искуство за да ја преземе/ат таа улога;
- ВРИ ќе се стреми да постигне култура која ја признава и наградува работата со висок квалитет низ целата ВРИ. За да ја постигне таа култура ГДР треба да го воспостави вистинскиот „тон од врвот“[5] (т.н „tone at the top“) кој ја нагласува важноста на квалитетот во целата и во секоја работа во ВРИ, вклучително и работата која е склучена со договор. Ваквата култура исто така зависи од јасни, конзистентни и чести активности дадени од сите нивоа на менаџмент во ВРИ, а кои ја истакнуваат важноста на квалитетот;
- Стратегијата на секоја ВРИ треба да го препознае највисокото барање за една ВРИ, а тоа е да постигне квалитет во сé од нејзината работа, такашто политичките, економските и другите размислувања не го загрозуваат квалитетот на извршената работа;
- ВРИ треба да обезбеди таквите политики и постапки на контролата на квалитет, јасно да се пренесени на персоналот на ВРИ и на секоја една страна која врз основа на договорен однос врши работа за ВРИ.
- ВРИ треба да обезбеди дека се достапни доволни ресурси за одржување на системот на контрола на квалитет, внатре во ВРИ;

---

[4] Во согласност со *INTOSAI-P 20 Principles of transparency and accountability, Principle 5 – INTOSAI – P 20 Принципи на транспарентност и отчетност, принцип 5;*

[5] Тон од врвот и Квалитет во ревизијата - *Tone at the Top and Audit Quality* — Transnational Auditors Committee, Forum of Firms, International Federation of Accountants (December 2007) — www.ifac.org;

- Стратегијата на секоја ВРИ треба да го препознае највисокиот услов за ВРИ кој треба да го достигне;

## ЕЛЕМЕНТ 2: РЕЛЕВАНТНИ ЕТИЧКИ БАРАЊА

**ISQC – 1 клучен принцип:**

*„Фирмата ќе воспостави политики и постапки дизјанирани за да обезбедат разумно уверување дека фирата и нејзините вработени се во согласност со релевантните етички барања“*[6]

| Клучен принцип прилагоден за ВРИ |
|---|
| ВРИ ќе воспостави политики и постапки, дизајнирани за да обезбедат разумно уверување дека ВРИ, вклучително и целиот персонал како и секоја страна која врз основа на договор извршува работа за ВРИ, се усогласени со релевантните етички барања. |

## УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА ЗА ВРИ

- ВРИ ќе ја нагласи важноста за исполнување на релевантните етички барања во вршење на својата работа;
- Целиот персонал на ВРИ и сите страни кои врз основа на договор вршат работа за ВРИ ќе демонстрираат соодветно етичко однесување;
- ГДР и раководството во ВРИ ќе служат како пример на соодветно етичко однесување;

[6] ISQC-1, точка 20.

- Релевантните етички барања ќе ги вклучат сите барања кои се поставени во правната рамка и во регулативата, управувајќи ги операциите на ВРИ;
- Етичките барања за ВРИ може да го вклучат или да се извлечени од INTOSAI ISSAI 130 Кодексот на етика и од етичките барања на IFAC како што е соодветно на нејзиниот мандат и околности, како и на околностите на нејзините професионални вработени;
- ВРИ ќе осигура дека политките и постапките се воспоставени во согласност со ISSAI 130, а тие се:
    - Интегритет;
    - Независност, објективност и непристрасност;
    - Професионална тајна и компетентност;
- ВРИ ќе осигури дека било кои страни кои врз основа на договорен однос вршат работа за ВРИ се предмет на соодветни договори за доверливост;
- ВРИ треба да размисли за употреба на пишани изјави од персоналот за да ја потврди усогласеноста со етичките барања на ВРИ;
- ВРИ ќе осигури дека политиките и постапките се воспоставени за навремено да го известат ГДР за прекршувањата на етичките барања и да му овозможат на ГДР да превземе соодветни активности за да ги реши ваквите проблеми;
- ВРИ ќе осигури дека соодветните политики и постапки се воспоставени за да ја одржуваат независноста на ГДР, на целиот персонал и на сите страни врз основа на договор кои вршат работа за ВРИ;

(За повеќе информации за независноста на ВРИ, упатете се на INTOSAI – P 10 Декларацијата од Мексико за независноста на ВРИ и GUID 9030 – Добрите практики кои се однесуваат на независноста на ВРИ).

- ВРИ ќе осигури воспоставени политики и постапки кои ја зајакнуваат значајноста на ротирање на клучниот ревизорски персонал, кои се релевантни да го намалат ризикот од зближување со организацијата кај која се врши ревизија. ВРИ исто така треба да размисли за други мерки за намалување на ризикот од зближување;

## ЕЛЕМЕНТ 3: ПРИФАЌАЊЕ И КОНТИНУИТЕТ

**ISQC – 1 клучен принцип**

*„Фирмата ќе воспостави политики и постапки за прифаќање и континуитет на односот со клиентот и за специфични ангажмани, дизајнирани да и обезбедат на фирмата разумно уверување дека ќе преземе или ќе продолжи само со односи и ангажмани, онаму каде фирмата:*

*a) Е компетентна да го спроведе ангажманот и има капацитети, вклучително време и ресурси тоа да го стори;*
*b) Може да се усогласи со релевантните етички барања; и*
*c) Го разгледала интегритетот на клиентот и не поседува информации кои би воделе кон заклучокот дека клиентот има недостаток на интегритет.“*[7]

[7] 1500-1, точка 26

**Клучен принцип прилагоден за ВРИ**

ВРИ ќе воспостави политики и постапки дизајнирани да и обезбедат на ВРИ разумно уверување дека ќе врши ревизии и друга работа само таму каде ВРИ:

a) е компетентна да врши работа и ги има можностите, вклучително време и ресурси тоа да го стори;

b) Може да се усогласи со релевантните етички барања и

c) Го разгледала интегритетот на организацијата која е предмет на ревизија и разгледала како да го третира ризикот кој се јавува во однос на квалитетот;

Политиките и постапките ќе го одразуваат опсегот на работа за секоја ВРИ. Во многу случаи ВРИ имаат малку дискреционо право за работата која ја спроведуваат. ВРИ ја вршат работата во три широки категории:

- Работа која се бара од нив според нивниот мандат и статут и за која тие немаат друга опција освен да ја извршат;
- Работа која се бара со нивниот мандат, но каде имаат дискреционо право во временската рамка, опфатот и/или природата на работата;
- Работа за која можат да изберат да ја извршат;

## УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА ЗА ВРИ

- За сите ревизии и за другите работи кои ги вршат, ВРИ треба да воспостави системи кои ќе ги разгледаат сите ризици во однос на квалитетот кои се појавуваат во извршување на работата. Ова ќе варира, во зависност од видот на работа која се разгледува.
- Вообичаено ВРИ оперира со ограничени ресурси. ВРИ треба да ја разгледаат својата програма за работа и дали располагаат со

ресурсите за да го испорачаат опсегот на работа до посакуваното ниво на квалитет. За да го постигне ова, ВРИ треба да има систем со кој ќе се поставаат приоритети во нејзината работа на начин на кој ќе ја земе предвид потребата од одржување на квалитет. Доколку ресурсите не се доволни и претставуваат ризик за квалитетот, ВРИ треба да има постапки кои ќе осигураат дека за недостатокот од ресурси е обрнато внимание на ГДР, таму каде е соодветно, до законодавната власт и до буџетскиот орган;

- ВРИ треба да процени дали постои материјален ризик во однос на нејзината независност во согласност со INTOSAI – P10;
- Онаму каде е иднетификуван ваквиот ризик, ВРИ треба да одлучи и да документира како планира ризикот да го реши и да осигури дека е воспоставен процес на одобрување кој е соодветно документиран;
- Таму каде интегритетот на субјектот кој е предмет на ревизија е сомнителен, ВРИ треба да размисли и да упати на ризиците кои произлегуваат од способноста на персоналот, нивото на ресурси како и од секој етички проблем, кои може да произлезат кај субјектот предмет на ревизија;
- ВРИ треба да разгледа постапки за прифаќање и продолжување на дискретна работа вклучително и за работа која е склучена со договор. Доколку ВРИ одлучи да ја изврши работата, ВРИ треба да обезбеди дека одлуката е одобрена на соодветно ниво внатре во ВРИ и дека вклучените ризици се проценети и управувани;
- ВРИ треба да осигури дека нејзините постапки за управување со ризик се соодветни за да ги намалат ризиците врз извршувањето на работата. Одговорот во однос на ризиците може да вклучува:
  - Внимателно скенирање на работата која треба да биде извршена;

- Назначување на вработени со поголемо искуство отколку што вообичаено би било случај; и
- Вршење на преглед на контрола на квалитет на работата во длабочина, пред извештајот да биде издаден;

- ВРИ треба да ги разгледа обелоденувањата во нејзините извештаи за секое значајно прашање, а кое вообичаено би ја водело ВРИ да не ја прифати ревизијата или некоја друга работа.

## ЕЛЕМЕНТ 4: ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**ISQC – 1 клучен принцип**

*„Фирмата ќе воспостави политики и постапки дизјанирани за да и обезбедат разумно уверување дека има достаточен персонал со компетенции, способности и приврзаност кон етичките принципи неопходни за да:*

a) *Извршат ангажмани во согласност со професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања; и*
b) *И овозможи на фирмата или партнерите во ангажманот да издадат извештаи кои се соодветни на околностите.“*[8]

## УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА ЗА ВРИ

- ВРИ може да се повикаат на голем број на различни извори за да се осигураат дека ги поседуваат потребните вештини и експертиза да го извршат опсегот на нивната работа, без разлика дали е спроведена од вработените на ВРИ или е спроведена од договорна страна.

- ВРИ ќе осигури дека одговорноста е јасно назначена за целата работа вршена во ВРИ;

[8] ISQC-1, точка 29

- ВРИ ќе осигури дека персоналот и страните кои по договор вршат работа за ВРИ (на пример од овластени сметководители или фирми консултанти), ги поседуваат колективните способности кои се бараат за вршење на работата;
- ВРИ ќе препознае дека во одредени околности вработените и онаму каде е релевантно, секоја договорна страна која врши работа за ВРИ, може да имаат лични обврски да се усогласат со барањата на професионалните тела, како дополнување на барањата на ВРИ;
- ВРИ ќе осигури дека политиките и постапките за ЧР даваат соодветни нагласувања на квалитетот и посветеноста кон етичките принципи на ВРИ. Ваквите политики и постапки кои се однесуваат на ЧР вклучуваат:
    - Регрутирање (и квалификуваност на регрутираниот кадар);
    - Оценка на работењето;
    - Професионален развој;
    - Способности (вклучително и доволно време за вршење на зададеното според бараните стандарди за квалитет);
    - Компетентност (вклучително како етичка така и техничка компетентност);
    - Развој на кариера;
    - Унапредување;
    - Наградување и
    - Проценка за потребите на персоналот;
- ВРИ ќе промовира учење и обучување за сите вработени за да го охрабри нивниот професионален развој и за да обезбеди дека нејзините вработени се обучени според тековните случувања во професијата;
- ВРИ ќе обебеди нејзините вработени и секоја страна која договорно врши работа за ВРИ да имаат соодветно познавање за

опкружувањето во јавниот сектор во кое ВРИ функционира како и добро познавање за работата која од нив се бара да се изврши;

- ВРИ ќе осигура дека принципите на етика и квалитет се клучните двигатели за проценка на извршувањата на вработените и на секоја страна која договорно врши работа за ВРИ;

## ЕЛЕМЕНТ 5: ВРШЕЊЕ НА РЕВИЗИИТЕ И ДРУГА РАБОТА

### ISQC – 1 клучен принцип

*„Фирмата ќе воспостави политики и постапки дизајнирани за да и обезбедат разумно уверување дека ангажманите се извршени во согласност со професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања и дека фирмата или ангажираниот партнер издаваат извештаи кои се соодветни во околностите. Ваквите политики и постапки ќе вклучат:*

*a) Прашања кои се релевантни за промовирање на постојаност во квалитетот на вршење на ангажманот;*
*b) Одговорности за супервизија; и*
*c) Одговорности за прегледувања;“*[9]

## УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА ЗА ВРИ

- ВРИ ќе осигури соодветни политики, постапки и алатки како што се воспоставени методологии за ревизија за вршење на опсег на работа што е одговорност на ВРИ, вклучително и работа која е склучена со договор[10].

- ВРИ ќе воспостави политики и постапки кои го охрабруваат високиот квалитет, а ќе го обесхрабри или превенира лошиот квалитет. Ова вклучува креирање на опкружување кое стимулира, охрабрува

9 [9] 1SQC-1, точка 32.

[10] Конзистентно со INTOSAI-P 20, Принцип 3

правилна употреба на професионалното расудување и промовира квалитативни подобрувања. Целокупно извршената работа ќе биде подложна на прегледувања како средства за придонесување кон квалитет и ќе промовира учење и личен развој.

- Таму каде се појавуваат тешки или спорни прашања, ВРИ ќе осигури дека се користат соодветни ресурси (како што се технички експерти) за да се справи со ваквите прашања.
- ВРИ ќе осигури дека се следени применливите стандради во целокупната извршена работа и доколку коебило барање од стандардот не е следено, ВРИ ќе осигури дека причините се соодветно документирани и одобрени.
- ВРИ ќе осигури дека сите разлики во мислењата, внатре во ВРИ се јасно документирани и решени, пред да се издаде извештајот од страна на ВРИ.
- ВРИ ќе осигури дека се воспоставени соодветни политики и постапки за контрола на квалитет (како што се супервизија и преглед на одговорностите и прегледи на контрола на квалитетот на ангажманот) за цалокупната извршена работа (вклучително и финансиски ревизии, ревизии на успешност и ревизии на усогласеност). ВРИ ќе ја препознае важноста на прегледите за контрола на квалитет на ангажманот за нејзината работа и онаму каде овие прегледи се извршени, покренатите прашања задоволително ќе се решат, пред да се издаде извештајот од страна на ВРИ.
- ВРИ ќе осигури дека постапките се воспоставени за извештаи кои се одобрени да бидат издадени. Одредени работи во ВРИ може да имаат висок степен на сложеност и важност кои бараат интензивна контрола на квалитет, пред самиот извештај да биде издаден.

- Доколку ВРИ се предмет на специфични постапки поврзани со правила на докази (како ВРИ кои се со улога на судови), треба да осигураат дека овие постапки постојано се следат.
- ВРИ ќе целат кон навремено завршување на ревизиите како и на целокупната друга работа, признавајќи дека вредноста од работењето на ВРИ се намалува доколку работата не е навремена.
- ВРИ ќе осигураат навремено документирање (како што се работните белешки во ревизиите) на севкупната извршена работа.
- ВРИ ќе осигураат дека севкупната документација (како што се работните белешки во ревизиите) е сопственост на ВРИ, без оглед или дали работата била спроведена надвор, од страна на персоналот на ВРИ или работата се врши врз договорна основа.
- ВРИ ќе осигураат дека соодветните постапки се следат заради верификување на наодите за да се осигури дека оние страни кои се директно засегнати од работењето на ВРИ имаат можност да дадат коментари пред работата да биде завршена, без оглед дали извештајот од страна на ВРИ е јавно достапен или не.
- ВРИ ќе осигураат дека ја задржуваат целокупната документација за периоди кои се специфицирани со законите, регулативата, професионалните стандарди и упатства.
- ВРИ ќе ја балансираат доверливоста на документацијата со потребата за транспарентност и отчетност. ВРИ ќе воспостават траспарентни постапки за справување со барањата за информации а кои се конзистентни со легислативата во нивна надлежност.

# ЕЛЕМЕНТ 6: МОНИТОРИНГ

**ISQC-1 Клучен принцип:**

*„Фирмата ќе воспостави процес на мониторинг дизајниран да и обезбеди разумно уверување дека политиките и постапките кои се однесуваат на системот на контрола на квалитет се релевантни, соодветни и функционираат ефикасно, Овој процес ќе:*

*a) Вклучи постојано разгледување и оценка на системот за контрола на квалитет на фирмата, вклучително, на циклична основа, проверка на најмалку еден завршен ангажман за секој партнер за ангажман;*

*b) Бара одговорноста за процесот на мониторинг да му се додели на партнер или на партнери или на други лица, со доволно или соодветно искуство и овластувања во фирмата за преземање на таа одговорност; и*

*c) Бара дека оние кои го извршуваат ангажманот или ангажманот за прегледување на контрола на квалитет, не се вклучени во контрола на ангажманите“*[11]

**Клучен принцип прилагоден за ВРИ**

[11] ISQC-1, точка 48

ВРИ ќе воспостави процес на мониторинг дизајниран за да и обезбеди на ВРИ разумно уверување дека политиките и постапките кои се однесуваат на системот на контрола на квалитет се релевантни и соодветни и дека функционираат ефикасно. Процесот на мониторинг ќе:

a) Вклучи постојано разгледување и оценка на системот на контрола на квалитет во ВРИ, вклучително и прегледување на примерок од завршена работа во опсегот на работа спроведена од ВРИ;
b) Бара одговорноста за процесот на мониторинг да биде доделена на лице или на лица со достаточно и соодветно искуство и овластување во ВРИ за преземање на таа одговорност; и
c) Бара независност од оние кои го спроведуваат прегледувањето (на пр. дека тие не учествуваат во работата или во кој било преглед на контрола на квалитетет на работата)

## УПАТСТВО ЗА ПРИМЕНА ЗА ВРИ

- ВРИ ќе осигураат дека нивниот систем на контрола на квалитет вклучува независен мониторинг врз опсегот на контроли внатре во ВРИ (со употреба на кадар кој не е вклучен во спроведување на работата).
- Доколку работата е склучена со договор, ВРИ треба да бараат потврда дека фирмите со кои е склучен договор поседуваат ефективни системи на воспоставени контроли на квалитет.
- ВРИ ќе осигураат дека за резултатите од мониторингот на системот на контрола на квалитет навремено се известува до ГДР, за да му се овозможи на ГДР да преземе соодветна активност.
- Онаму каде е соодветно, ВРИ ќе го разгледаат ангажирањето на друга ВРИ или на друго соодветно тело, да спроведе независно

прегледување на целосниот систем на контрола на квалитет (како што е “peer review” заб.на прев. – “прегледување од колега на колега“ )[12]

- Онаму каде е соодветно, ВРИ може да ги разгледаат другите средства за мониторинг на квалитетот на нивната работа, кои може да вклучат, но не се ограничени на:
  - Неависен научен преглед;
  - Истражувања на засегнатите страни;
  - Follow up прегледи на препораките; или
  - Повратни информации од ревидираните субјекти (на пр. истражувања од клиентите).
- ВРИ треба да има постапки за справување со поплаки или тврдења за квалитетот на работата извршена од ВРИ.
- ВРИ ќе разгледаат дали постојат законски или други барања за јавна достапност на извештаите од мониторингот или за одговорот по јавните поплаки или тврдења кои се однесуваат на работата извршена од ВРИ[13]

[12] Конзистентно со INTOSAI-P 20, Принцип 9;
[13] Конзистентно со ISSAI 130, точка 11

# 7 ТОЛКУВАЊЕ НА ТЕРМИНИ

Доколку ВРИ сака да тврди дека е усогласена со ISQC-1 (и со ISAs), ќе треба да ги земе предвид барањата на ISQC-1. ISQC-1 вклучуваат дефиниции за бројни различни изрази. При примената на ISSAI 140, следните изрази користени во ISQC-1, можат да се разберат како што следи:

**„Фирма“** - Изразот „фирма“ се однесува на ВРИ како целина. Кога ГДР на ВРИ назначува вработен, овластен сметководител или ревизорско партнерство или друго соодветно квалификувано лице да врши ревизии или друга работа, „фирмата“ се однесува на комбинација на ГДР, на лицето назначено да ги спроведе ревизиите или друга работа и доколку е применливо, на фирмата во која назначеното лице е партнер, член или вработен.

**„Ангажман“** - Изразот „ангажман“ се однесува на работа спроведена при извршување на функциите на ВРИ ( на пример, финансиска ревизија под релевантна надлежност на секоја ВРИ). Изразот „ партнер во ангажманот/ангажиран партнер“ се однесува на вработен, на овластен сметководител или на друго соодветно квалификувано лице кое е одговорно за работата и за извештајот кој е издаден во име на ГДР, а во согласност со политиките и постапките на ВРИ.

**„Клиент“** - Изразот „клиент“ се однесува на јавен субјект или субјекти кои се предмет на ревизија или на друга работа вршена од ВРИ (на пример: ревидирана организација).

Упатството обезбедено преку овој ISSAI е усогласено со овие изрази.

| | | |
|---|---|---|
| I, the undersigned sworn court translator for the English language herein confirm, that the document submitted to me has been truly and properly translated into Macedonian language and in witness thereof I have hereto set my signature and affixed official seal.<br><br>Skopje, 03.05.2020 | | Со мојот потпис и печат потврдувам дека правилно го извршив преводот од англиски јазик на македонски јазик.<br><br>Скопје, 03.05.2020 |
| Authorised juridical translator from/into English language | | Овластен судски преведувач од македонски јазик на англиски јазик и обратно |
| | | |
| Tanya Tasevska | | Тања Тасевска |